# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и седмата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 19.06.2026 година, во 11:30 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесет и седмата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Билјана Бабиќ, Миле Гроздановски и Владимир Палашевски.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски и Правен консултатнт Југослав Ѓорѓиевски.***

Четириесет и седмата седница на Програмскиот совет започна во 11:40 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и седмата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 46-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Предлог-правилник за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија**
3. **Разгледување и усвојување на Предлог-правилник за начинот на спроведување на постапките за вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно-технички лица во ЈРП Македонска радио-телевизија**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 46-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и шестата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Предлог-правилник за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред и истакна дека, согласно членовите 83 и 84 од Статутот на МРТ, општите акти од надлежност на Програмскиот совет се донесуваат по предлог на директорот на МРТ, со образложение за потребата од нивно донесување. Во согласност со оваа постапка, на денешната седница се разгледуваат двата предлог правилници доставени од директорот на МРТ.

Прв ќе се разгледува Предлог-правилникот со кој се уредуваат постапките за спроведување на јавни конкурси за набавка на програмски содржини, избор на аудио и аудиовизуелни дела, како и постапките за склучување и раскинување на договори во Македонската радио-телевизија.

Потребата од донесување на овој Правилник произлегува од обврската на Програмскиот совет да обезбеди јасна, транспарентна и предвидлива нормативна рамка за една од најважните функции на јавниот сервис – обезбедувањето и изборот на програмски содржини. Истовремено, со неговото донесување се врши усогласување со важечкиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со новиот Статут на МРТ од 2026 година.

Во однос на постојните Правила од 2025 година, предложениот текст задржува дел од основните принципи, но воведува повеќе значајни подобрувања во насока на поголема транспарентност, отчетност и правна сигурност.

Претседателот Давор Пашоски истакна дека предложениот Правилник содржи повеќе решенија насочени кон зајакнување на транспарентноста, отчетноста и правната сигурност во постапките за избор на програмски содржини. Тој посочи дека текстот попрецизно ги уредува составот и начинот на работа на Комисијата за избор на програмски содржини, како и прашањата поврзани со судирот на интереси, изземањето на членови на Комисијата и обврската за потпишување изјави за непристрасност, доверливост и тајност.

Воедно нагласи дека се воведува обврска за доставување образложен преглед на спроведените постапки и извршениот избор до Програмскиот совет, со што се овозможува поголем институционален увид во процесот на одлучување. Дополнително, подетално се уредуваат условите

и документацијата што ја доставуваат независните продуценти, се создава можност за распишување вонредни наменски јавни конкурси во случаи на дополнителни програмски потреби и обезбедени финансиски средства, а истовремено се задржува јавниот конкурс како основен механизам за избор на програмски содржини, при што целокупната постапка е попрецизно и подетално разработена.

Посебно е важно што предложениот текст јасно ја разграничува уредувачката независност од надлежностите на органите на управување на МРТ, при што повторно се афирмира принципот дека Програмскиот совет и директорот на МРТ не смеат да ги прегледуваат поединечните емисии или други програми пред нивното емитување, ниту да донесуваат одлуки и ставови за нивното емитување. На тој начин дополнително се зајакнува уредувачката автономија на јавниот сервис.

Претседателот истакна дека текстот е подготвен во соработка со стручните служби на МРТ, а на седницата присутен е и правниот експерт Југослав Ѓорѓиевски, кој бил вклучен во процесот на подготовка на предложениот текст. Потоа предложи да се отвори расправа по текстот, при што сите евентуални прашања, забелешки или дилеми ќе можат дополнително да бидат појаснети од правен аспект.

Билјана Бабиќ зема збор и истакна дека смета оти во постапката би требало да биде предвидено право на жалба, со цел да се обезбеди дополнителна правна заштита за учесниците во постапката.

Југослав Ѓорѓиевски се надоврза и појасни дека Законот не предвидува право на жалба во ваков вид постапки и дека, според неговото мислење, нема потреба со Правилникот да се уредуваат прашања кои не се предвидени во законската рамка.

Претседателот Давор Пашоски истакна дека со предложениот Правилник дополнително се зајакнуваат правилата и постапката за откуп на програмски содржини. Тој посочи дека се унапредуваат и попрецизно се уредуваат критериумите и процедурите кои во претходниот текст не биле доволно јасно дефинирани, со што се придонесува кон поголема транспарентност, правна сигурност и доследност во спроведувањето на постапките.

Директорот Зоран Ристоски истакна дека една од приоритетните цели е преиспитување на постојните договорни односи и рационализација на трошоците, со цел обезбедување поефикасно и поодговорно управување со ресурсите на јавниот сервис. Тој посочи дека донесувањето на предложените правилници е насочено кон воспоставување појасни процедури, поголема отчетност и доследна примена на утврдените правила.

Воедно нагласи дека е особено важно да се обезбеди транспарентно и наменско користење на средствата со кои располага МРТ, како и јасно дефинирање на очекуваните резултати и програмски содржини што се добиваат преку спроведените постапки. Директорот истакна дека предложениот правилник е изготвен во согласност со важечката законска рамка и релевантните прописи што ја уредуваат оваа област.

Повторно зема збор Билјана Бабиќ која истакна дека критериумите и барањата предвидени во членот 13 можеби се престроги, бидејќи можат да ги исклучат младите автори, новоформираните продукциски компании и стартап продукциите од учество на јавниот конкурс.

Во дискусијата беше заклучено дека е потребно да постојат одредени критериуми за учество на јавниот конкурс, при што беше оценето дека предложените услови не се поставени на начин што би ги исклучиле младите автори и новоформираните продукции, туку имаат за цел да обезбедат минимални професионални стандарди и сигурност во реализацијата на програмските содржини.

Во дискусијата по членот 14 беше отворено прашањето за односот помеѓу квалитетот на програмската содржина и понудената цена. Билјана Бабиќ посочи дека при оценувањето треба да се води особена сметка квалитетот да има предност пред цената, со цел изборот да не се сведе на најниска понудена цена, туку на најсоодветна и најквалитетна програмска содржина.

Миле Гроздановски се јави за збор и праша дали најниската цена претставува критериум при изборот на содржини кои ќе се емитуваат на програмите на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски појасни дека членот 13 ги уредува условите и документацијата потребна за учество на јавниот конкурс, додека членот 14 ги утврдува критериумите за евалуација и бодување на понудите. Тој нагласи дека при оценувањето на понудите примарно се вреднува квалитетот на програмската содржина, како најзначаен елемент во процесот на избор.

Повторно збор зема Билјана Бабиќ, која истакна дека предложениот Правилник претставува значително подобрување во однос на претходното решение. Воедно посочи дека при уредувањето на постапката потребно е да се води сметка за соодветна рамнотежа на надлежностите, имајќи предвид дека на директорот му е доделена значајна улога како претседател на Комисијата. Според неа, ваквото решение е разбирливо и функционално, но истовремено треба да се има предвид и потребата од институционален баланс во процесот на одлучување.

Југослав Ѓорѓиевски истакна дека Програмскиот совет ја врши својата надлежност преку донесување на општите акти и утврдување на правилата и процедурите на МРТ, додека директорот е одговорен за нивно спроведување во практиката. Во таа насока, посочи дека и именувањето на одговорните уредници се врши од страна на директорот, врз основа на претходно добиена согласност од Програмскиот совет.

Во однос на членот 24, Билјана Бабиќ предложи одредбата да биде појасно и попрецизно формулирана во делот на утврдувањето на одговорноста за обезбедување и почитување на авторските и сродните права. По извршената дискусија, беше прифатена формулацијата: „Во случаите од ставот 3 на овој член, одговорноста за обезбедување и почитување на авторските и сродните права ја сноси договорната страна која ги отстапува или обезбедува тие права, согласно важечките законски прописи.

Томислав Кежаровски зема збор и предложи преформулирање на членот 24 став 2 со цел текстот да биде појасен и полесен за примена. Во таа насока предложи делот од текстот по запирката да се издвои во посебна алинеја која гласи: „други основани причини согласно закон". Предлогот беше прифатен и вграден во конечниот текст на Правилникот.

Во дискусијата по членот 25 беа отворени повеќе прашања поврзани со постапката за раскинување на договорите, особено во делот на поднесувањето иницијатива, утврдувањето на причините за раскинување и надлежностите на вклучените субјекти во постапката. Беа дадени забелешки дека одредени формулации во предложениот текст не се доволно прецизни и оставаат простор за различно толкување. По извршената расправа, текстот беше дополнително прецизиран и јазично усогласен, при што појасно беа уредени условите под кои Одговорниот уредник на програмскиот сервис или Директорот на МРТ можат да предложат раскинување на договорот, како и начинот на образложување на таквиот предлог. Воедно беше оценето дека предложените измени придонесуваат за поголема правна јасност и попрецизно уредување на постапката.

Дополнително, Бурим Рамадани постави прашање во врска со членот 25, односно на кого се однесува одредбата дека иницијатива за раскинување на договорот може да поднесе секое лице кое дознало за настанување на причината за раскинување.

Југослав Ѓорѓиевски појасни дека под „секое лице" се подразбира секое лице кое на кој било начин дошло до сознание за постоење на околности што можат да претставуваат основ за раскинување на договорот, при што поднесувањето на иницијативата не значи автоматско раскинување на договорот, туку започнување на постапка за разгледување на наводите.

Патриот Лумани се јави за збор и постави прашање во врска со тоа што во текстот на Правилникот не е предвидена посебна улога на заменикот на директорот на МРТ.

Југослав Ѓорѓиевски појасни дека прашањето е веќе уредено со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Статутот на МРТ, согласно кои во случај на отсуство или спреченост на директорот на МРТ, неговите права, обврски и надлежности ги врши заменикот на директорот, поради што не било потребно тоа дополнително да се уредува во Правилникот.

Маја Седрак зема збор и се осврна на членот 10 од Правилникот, посочувајќи дека во предложената формулација се наведуваат изборот на програмски содржини од независни телевизиски продукции и набавката на европски аудио и аудиовизуелни дела, додека не се опфатени други видови содржини, како што се светски филмски продукции, премиум филмови и други аудиовизуелни дела од меѓународна продукција.

Во дискусијата беше оценето дека забелешката е основана, по што беше предложено членот 10 да се преформулира на поопшт начин, така што ќе гласи: „За избор на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини се спроведува јавен конкурс." Во таа насока беа извршени соодветни усогласувања и во членот 12 од Правилникот.

По исцрпување на дискусијата, претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, го стави го стави Предлог-правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Тој констатираше дека Програмскиот совет го усвои Предлог-правилникот.

**Точка 3. Разгледување и усвојување на Предлог-правилник за начинот на спроведување на постапките за вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно-технички лица во ЈРП Македонска радио-телевизија**

Претседателот Давор Пашоски продолжи со разгледување на вториот предлог-правилник доставен од директорот на МРТ согласно членовите 83 и 84 од Статутот на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред и посочи дека со предложениот Правилник се уредуваат условите, критериумите и постапките за вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност, како и на помошно-техничките лица во ЈРП Македонска радио-телевизија.

Потребата од донесување на овој Правилник произлегува од обврската МРТ да има јасно уредени, транспарентни и предвидливи процедури за управување со човечките ресурси, како еден од клучните предуслови за професионално, ефикасно и одговорно функционирање на јавниот сервис. Истовремено, со неговото донесување се врши усогласување со важечкиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за работните односи, прописите што се однесуваат на јавниот сектор и новиот Статут на МРТ од 2026 година.

Во однос на Правилникот од 2020 година, предложениот текст претставува пошироко и посеопфатно решение, бидејќи на поинтегриран начин ги уредува постапките за вработување, унапредување и распоредување не само на давателите на услуги и помошно-техничките лица, туку и на уредниците, новинарите и другите носители на дејност во МРТ.

Претседателот Давор Пашоски истакна дека предложениот Правилник воспоставува единствена и систематизирана рамка за уредување на постапките за вработување, унапредување и распоредување на вработените кои не се административни службеници. Тој посочи дека текстот детално ја уредува постапката за вработување преку јавен оглас, предвидувајќи административна селекција, интервју и други форми на проверка на знаења и компетенции кога тоа е потребно. Воедно нагласи дека се овозможува во постапките за избор на уредници, новинари и други носители на дејност да бидат вклучени и надворешни професионалци со релевантно искуство, со што дополнително се зајакнува професионалноста и објективноста на процесот.

Понатаму, тој истакна дека Правилникот воспоставува појасни критериуми и постапки за унапредување врз основа на стручност, компетентност и работен учинок, како и механизми за внатрешна мобилност преку распоредување и преземање на вработени. Дополнително, со текстот

попрецизно се уредуваат постапките за именување и разрешување на одговорните уредници, како и условите и постапката за именување на вршители на должност одговорни уредници, во согласност со законските и статутарните надлежности на директорот и Програмскиот совет. Претседателот нагласи и дека се обезбедува право на жалба и соодветна правна заштита во постапките за избор и унапредување, со што се придонесува кон поголема правна сигурност, транспарентност и предвидливост на постапките.

Особено е важно што предложениот текст ги афирмира принципите на транспарентност, еднаков третман, мерит систем, професионалност и конкурентност, со што се намалува просторот за субјективност и се создаваат услови за избор и напредување врз основа на знаење, компетентност и резултати.

Воедно, Правилникот претставува значаен чекор кон модернизација на кадровските политики во МРТ и воспоставување појасни процедури за кариерен развој на вработените, што е особено важно во период кога јавниот сервис се соочува со потреба од кадровско обновување, професионален развој и институционално јакнење.

Претседателот истакна дека при подготовката на предложениот текст биле вклучени стручните служби на МРТ, како и правниот експерт Југослав Ѓорѓиевски, кој учествувал во неговото изготвување и правно усогласување. Во таа насока предложи да се отвори расправа по текстот, со можност сите прашања, забелешки и дилеми да бидат дополнително образложени и разјаснети во текот на дискусијата.

Во расправата по членот 4, Билјана Бабиќ предложи попрецизно дефинирање на условите што треба да ги исполнуваат надворешните професионалци кои можат да бидат вклучени во работата на Комисијата за селекција. Во таа насока предложи да се утврди минимално потребно професионално искуство, при што беше прифатена формулацијата надворешните професионалци да имаат најмалку петгодишно искуство во соодветната област.

Воедно од нејзина страна беше предложено и воведување обврска членовите на Комисијата за селекција, вклучително и евентуално ангажираните надворешни членови, да потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси и изјава за доверливост. По извршената дискусија, предложените измени беа прифатени и вградени во текстот на Правилникот.

Во расправата по членот 5 беше отворена дискусија во однос на правната заштита на кандидатите во постапката за вработување. Во таа насока, текстот беше дополнет со одредби со кои се утврдува рок во кој Програмскиот совет е должен да одлучи по поднесен приговор, како и дека поднесената жалба не го одлага извршувањето на одлуката за избор. Беше оценето дека со овие дополнувања дополнително се прецизира постапката и се обезбедува поголема правна сигурност и ефикасност во нејзиното спроведување.

Билјана Бабиќ зема збор и предложи измена на ставот 6 од членот 7, во делот на рокот за пријавување на интерниот оглас. Во таа насока посочи дека е потребно рокот попрецизно да се

утврди, при што беше прифатена формулацијата рокот за пријавување на интерниот оглас да не може да биде пократок од три работни дена, ниту подолг од пет работни дена од денот на неговото објавување.

Дополнително, членот 7 беше усогласен со решенијата содржани во членот 5, преку воведување одредби кои го уредуваат рокот за одлучување по приговор од страна на Програмскиот совет и правното дејство на поднесената жалба.

По исцрпување на дискусијата и разгледување на предложените измени и дополнувања, претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски го стави на гласање Предлог-правилникот за начинот на спроведување на постапките за вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно-технички лица во ЈРП Македонска радио-телевизија:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Тој констатираше дека Програмскиот совет го усвои Предлог-правилникот.

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 47-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори четириесет и седмата седница на Програмскиот совет на МРТ во 13:35 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-3602/4
19.06.2026г.

_________________________

Давор Пашоски